РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна непрофитна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
Бизнис академија Смилевски-БАС
Бр. 02-136/1
14.10 2026 год.
БИТОЛА

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС НА БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС, БИТОЛА

Врз основа на Конкурсот за избор на наставници во наставни звања, објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 12 септември 2026 година, за избор во наставно звање - предавач, виш предавач или професор на висока стручна школа во научната област „Менаџмент и бизнис“ и врз Одлука на Наставничкиот совет дел. Бр.02-131/15 донесена на 22.09.2026 година, формирана е Рецензиона комисија во состав: проф. д-р Неда Петроска - Ангеловска, редовен професор на Економски институт Скопје, Универзитет “Св. Кирил и Методиј” Скопје; проф. д-р Горазд Смилевски, Бизнис Академија Смилевски – БАС, Битола; проф. д-р Дијана Ивановска Пржо, Бизнис Академија Смилевски БАС Битола.

Како членови на Рецензионата комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставници во наставно звање од областа на менаџмент и бизнис, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, за избор: д-р Марија Мидовска Петкоска.

Д-р Марија Мидовска Петкоска

1. **Биографски податоци и образование**

Кандидатката д-р Марија Мидовска Петкоска е родена на 19.02.1988 година, во Прилеп. Во периодот 2006-2010 година го завршила високото образование на Економски Факултет- Прилеп при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ Битола, со просечен успех 9,14 и се стекнала со звање дипломиран економист. Во периодот 2010-2012 година студирала на втор циклус (магистерски) студии на Економски факултет-Прилеп при Универзитет „Св.Климент Охридски“ Битола на насоката маркетинг-менаџмент. Студиите ги завршила со просечен успех од 9,60. На 10.10.2012 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Дизајнирање ефективни стратегии за корпоративно брендирање и бренд – портфолио стратегии – предуслов за креирање бренд - капитал“ и се стекнала со научно звање Магистер по Маркетинг – менаџмент. Во 2018 година ги завршила студиите на трет циклус (докторски) студии на Економски факултет-Прилеп при Универзитет „Св.Климент Охридски“ Битола на насоката

Менаџмент со просечен успех од 9,5. Со одбрана на докторскиот труд на тема „Моделирање на систем за мерење, симулација и предвидување на организациските перформанси во компаниите од прехранбената индустрија во Република Македонија“ се стекнала со научен назив Доктор на економски науки од областа на менаџментот (Doctor of Economics in Management).

Кандидатката поседува лиценца за овластен сметководител издадена од Институтот за сметководители и овластени сметководители Скопје изадена во 2021 година, како и лиценца за вешто лице од областа на економско, финансиско, материјално, сметководствено работење издадена од Министрството за правда во 2026 година.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик потврден со приложени сертификати за познавање на јазикот.

Д-р Марија Мидовска Петкоска континуирано го надградува своето знаење и професионални компетенции и преку неформално образование со учество во бројни обуки, академии, специјализирани програми, курсеви и работилници. Меѓу позначајните се издвојуваат:

- Академија за финансиски менаџмент за непрофитни организации; Центар за образование на возрасни, Министерство за образование и наука
- Станете конкурентен менаџер на стартап во областа на зелените бизниси – програма за специјализација CATALYST
- Академија за циркуларна економија
- Учесник во програма за пилотирање на образование за возрасни пеку проект EnVet.
- Курс: “Иднината на Менаџментот на перформанси”, Институт за менаџмент на перформанси, обуџувч Гари Болес
- Курс: “Balanced Scorecard and Key Performance Indicators”; обучувачи:Џим Стиц и Еарл Стице
- Курс: “Вештини за проектен менаџмент за лидери”, обучувач Дона Бровнле.
- Курс: “Основи на дигитален маркетинг” Google Digital Garage.
- Обука: “Основи на сметковдство” – Нова консалтинг и едукација
- Работилница “Ефективно менторирање: техники и вештини за усшех; Мрежа Стела
- Обука: “Родово одговорно буџетирање”, Центар за истражување и развој на политики, Скопје.
- Обука: Подобрување на дијалогот за поголема финансиска транспарентност на општините, со фокус на парафискалните даноци
- Обука: Интегрирана маркетинг комуникација, проф. Роберт Лотреборн, Универзитет Јужна Каролина, САД.
- Обука: “Меѓународна конференција за продажба и вмрежување”, обучувач: Том Хопкинс
- Работилница за развој на деловни и научни проекти
- Обука на тема „Правно и финансиско работење на малите и средните претпријатија (МСП)“
- Обука на тема „Изработка на бизнис-план“
- Обука на тема „Финансии и сметководство за нефинансиски менаџери“

Дополнително, преку Erasmus+ програми има учествувано на повеќе меѓународни обуки меѓу кои:

- Обука: “Кооперативна педагогија”, 15 – 19 Јули 2026, Мулуз, Франција
- Обука: “Пишување на проекти”, 8-15 Март 2026, Балестранд, Норвешка
- Обука: “Зајакнете ги вашите обуки со користење на ВИ”, 04-11 Ноември 2025, Ѓумри, Ерменија

- Обука: "Стратегии за одржлива работа со млади", 11-18 Мај 2025, Нарва, Естонија
- Обука: "Редефинирање на одржливиот развој", 12–16 Февруару 2025, Вејмар, Германија
- Обука: "Младинско лидерство", 01-08 Август 2024, Тарговиште, Романија
- Обука: "Родовата еднаквост како простор за раст", 6-12 Мај 2024, Тенерифе, Шпанија.

Рецентзентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката, врз основа на целокупната доставена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА

2.1. Наставно-образовна дејност

Професионалниот развој на д-р Марија Мидовска Петкоска е континуирано поврзан со високото образование. Во текот на 15-годишниот професионален ангажман на Економскиот факултет – Прилеп, кандидатката стекнала значајно искуство во работа со студенти, поддршка и реализација на активности во рамките на високото образование, како и во соработка со наставниот кадар. Нејзиното непосредно наставно искуство е дополнето со двегодишен ангажман како демонстратор на Економскиот факултет – Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола. Во рамките на овој ангажман, кандидатката учествувала во подготовката и реализацијата на вежби за студентите по предмети од областа на маркетинг менаџментот, со што стекнала практично искуство во непосредна работа со студенти и примена на наставната материја преку вежби и практични активности. Ова искуство претставува значајна основа за нејзиниот понатамошен развој во наставно-образовната дејност и е надополнето со нејзиниот ангажман како обучувач, ментор и реализатор на обуки и работилници.

Во периодот 2012–2016 година била ангажирана во проектот DOCSMES во рамките на Темпус програмата, чија цел била развој и имплементација на докторска програма од областа на претприемништво и развој на малите и средни претпријатија.

Во рамките на своето континуирано професионално и академско усовршување, д-р Марија Мидовска Петкоска има реализирано студиски престои на високо-образовни и научно-истражувачки институции во странство каде има одржано предавања и истражувачки активности и тоа на:

- Виенски Институт за меѓународни економски студии (WIIW), Виена, Австрија во декември 2024 година;
- Универзитет "Хаџи Зека", Економски факултет Печ, Косово во октомври 2022 година;

- Универзитет во Нови Сад, Економски факултет Суботица, Србија во декември 2015 година.

Кандидатката има реализирано и низа обуки и работилници во областа на претприемништвото, бизнисот, финансиите, менаџментот и маркетингот. Посебно значајно е нејзиното ангажирање како поканет експерт во Mümin Canbaz Fen Lisesi во Бурса, Турција, каде реализирала работилници на темите „Design Thinking Methodology" и „AI-driven entrepreneurship". Нејзиното искуство во наставата и обуките е дополнето со учество на 10 Erasmus+ мобилности и обуки во различни Европски земји.

Врз основа на наведените активности, може да се констатира дека д-р Марија Мидовска Петкоска поседува континуирано и релевантно искуство во наставно-образовната дејност, стекнато преку долгогодишната работа во високото образование, непосредниот ангажман со студенти и докторанди, како и преку учеството во подготовка и реализација на наставни, тренинг и образовни активности. Нејзиното искуство како демонстратор, тренер и ментор, надополнето со континуираното професионално усовршување, претставува значајна основа за понатамошно унапредување и придонес во наставно-образовниот процес.

2.2. Научно-истражувачка дејност

Научно-истражувачката дејност на д-р Марија Мидовска Петкоска се одликува со континуитет, тематска поврзаност и интердисциплинарен пристап, со доминантен фокус на менаџментот и бизнисот, како области во кои кандидатката го стекнала и докторскиот степен. Нејзините истражувања опфаќаат прашања од областа на менаџмент, економија, финансии, дигиталната трансформација, иновациите, зелени вештини и одржливиот развој. Во досегашниот научно-истражувачки ангажман кандидатката има објавено 35 научни трудови во меѓународни научни списанија и зборници. Во последните 5 години има објавено 15 научни трудови, од кои 3 се објавени во меѓународни списанија индексирани во Scopus и Web of science. Еден од трудовите е добитник и на парични средства од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Во продолжение се наведени трудовите објавени во последните 5 години:

1. ***"Assessing the specific sectoral and cross-sectoral green skills mismatch: evidence from North Macedonia";*** Dimitar Nikoloski, Branimir Jovanic, Marija Midovska Petkoska, Dijana Jovanoska; SEER Journal for labour and social affairs in Eastern Europe; Vol. 29, 2026, ISSN 1435-2869; 2026,
2. ***"Linking Identity and Agritourism Performance: Evidence from Eastern European Agripreneurs";*** Shresim Domi, Magdalena Kubal-Czerwińska, Marija Midovska Petkoska, Kujáni Katalin, Edit Lakó-Tóth, Carla Barbieri, Giovanni Belletti, Chadley Hollas; Tourism and Hospitality; 2026;
3. ***"Vertical vs horizontal green skills mismatches: evidence from North Macedonia";*** Dimitar Nikoloski, Branimir Jovanic, Marija Midovska Petkoska, Dijana Jovanoska; Economic Development year.28 No.1/2026, April 2026;

4. ***"The impact of green skills mismatches on green job creation: evidence from North Macedonia";*** Dimitar Nikoloski, Branimir Jovanic, Marija Midovska Petkoska, Dijana Jovanoska; South East European Journal of Economics and Business, march 2026;
5. ***"Harnessing the AI potentials for coping with solid waste pollution in the Western Balkans";*** Dimitar Nikoloski, Gjogji Mancheski, Marija Midovska Petkoska; UAS Journal; November 2025;
6. ***"The importance of climate finance in North Macedonia";*** Shiret Elezi, Milena Boshkoska Klisaroski, Marija Midovska Petkoska, Neda Petroska Angelovska; Economic Developmnet; ***ISSN*** 1409-7893; 336.1:551.58(497.7); 2025
7. **"Public debt in time of uncertainty and its impact on growth: Case of North Macedonia";** Shiret Elezi, Milena Boshkoska Klisaroski, Marija Midovska Petkoska; IX. International Applied Social Sciences Congress - C-iasoS 2025, Sapienza University of Rome, Italy, 13-15 October 2025
8. **"Local finances in Western Balkan countries: Focus on own -source revenues and capital investments";** ISI Impact Factor (IIF) = 0.121 Economic Vision, International Scientific Journal in Economics, Finance, Business, Marketing, Management and Tourism, Vol. 11, No. 21-22
9. ***"Human resources as a key driver for digital transformation-innovative digital advancements";*** Milena Boshkoska Klisarsoki, Shiret Elezi, Katerina Hadzinaumova-Mihajlovska, Marija Midovska Petkoska; Economic Development, ISSN 1409-7893, https://www.doi.org/10.55302/ED24262-3033bk,
10. ***"Identifying green skills gaps through labor market intelligence";*** Dimitar Nikoloski, Adam Sulic, , Letycja Sołoducho-Pelc, Gjorgi Mancheski, Marjan Angelski, Marija Midovska Petkoska; Journal of Infrastructure, Policy and Development, 8(6), 4868. https://doi.org/10.24294/jipd.v8i6.4868; 2024,
11. ***"The Influence of Wages Growth on Inflation: Case Study - Republic of North Macedonia"***; Shiret Elezi, Milena Boshkoska Klisaroski, Marija Midovska Petkoska; International Journal of Research in Social Sciences (IJRSS) Vol.13Issue 3, ISSN: 2249-2496, Impact Factor: 8.203; March 2023.
12. ***"Covid -19 and international trade: effects and policy options"***; Olivera Kostoska, Marija Midovska Petkoska, Davor Jovanoski; Proceedings of IBANESS Conference Series — Plovdiv,Bulgaria; March, 2022
13. ***"Gender (in) equality in rural Pelagonija – main socio-economic determinants";*** Natasha Trajkova Najdovski, Marija Midovska Petkoska, Mirjana Ristovska, Ile Masalkovski; *Proceedings of the* International Scientific Conference "Towards a Better Future: Visions of Justice, Equality, and Politics", Faculty of Law - Kicevo, University "St. Kliment Ohridski" - Bitola Bitola, 2022
14. ***"Influence of Covid 19 pandemic on digital transformation of business in the Republic of North Macedonia";*** Milena Boshkoska Klisaroski, Shiret Elezi, Marija Midovska Petkoska; Proceedings of IX International scientific conference Perspective of business digital transformation in the Western Balkan countries; Zenica, December 2021.
15. ***"Impact Of COVID-19 Outbreak On Organizational Performance: Evidence From North Macedonia";*** Marija Midovska Petkoska, Shiret Elezi, Milena Boskoska Klisaroski, Olivera Kostoska; Proceedings of IBANESS Conference Series — Istanbul / Turkey, September 11 and 12, 2021.

Повеќето од трудовите на кандидатката се јавно достапни преку јавниот профил што кандидатката го има на платформата за наука и истражување Google Scholar (https://scholar.google.com/citations?user=6QyI71YAAAAJ&hl=en&oi=ao).

Посебно значајно научно остварување е објавувањето на книгата: „Performance measurements systems: Evidence from the companies of the food industry in the Republic of North Macedonia", издадено од LAP Lambert Academic Publishing во 2021 година. Во 2026 година кандидатката е и ко-автор на поглавјето „Co-creation Clusters Across the Western Balkans' Higher Education Ecosystems, Place-Based and Enabled by Digitalization" во книгата "Resilient Infrastructures for Sustainable Development: A Cross-Country Reference", објавено во издание на Springer.

Д-р Марија Мидовска Петкоска била ангажирана како помлад истражувач во проектот "Справување со јазот кај зелените вештини во Република Северна Македонија" во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2025 година, финансиран од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, а реализиран во соработка со Виенски Институт за меѓународни економски студии од Виена, Австрија.

Во 2021 година била раководител на истражувачки проект "Корона вирусот – тест за дигиталното општество" финансиран од Швајцарска агенција во рамките на Цивика мобилитас програмата, каде била и уредник на издадениот Зборник на истражувачки проекти. Во 2022 година учествувала во теренско истражување за утврдување на реалните потреби на жените од руралнте средини на Пелагонсикиот регион во рамките на проект финансиран од Австралиската амбасада за Србија, Северна Македонија и Црна Гора.

Во рамките на својата научно-истражувачка и стручна дејност, д-р Марија Мидовска Петкоска е ангажирана како рецензент на научни трудови во меѓународни научни списанија, меѓу кои Balkans Journal of Emerging Trends in Social Sciences и International Journal of Strategic Management and Decision Support Systems in Strategic Management. Ангажманот како рецензент претставува потврда за нејзината научна компетентност и активното учество во процесите на научна евалуација и унапредување на квалитетот на научната продукција.

Кандидатката има учествувано и како член на организациски одбори на меѓународни научни конференции, меѓу кои 11th International Conference „Digital Transformation of the Economy and Society: Shaping the Future", одржана во октомври 2019 година на Економскиот факултет – Прилеп, како и 2nd International Doctoral Students Conference „Contemporary Research Issues in Economics, Management and Business", одржана во мај 2015 година. Овие активности го потврдуваат нејзиниот придонес во организацијата и реализацијата на меѓународни научни настани и нејзината вклученост во академската заедница.

Д-р Марија Мидовска Петкоска има континуирана активност во учеството на домашни и меѓународни научни конференции, на кои презентирала научно-истражувачки трудови од областа на менаџментот, економијата, финансиите, организациските перформанси, дигитализацијата и зелените вештини. Во досегашниот период има презентирано трудови на научни конференции во Австрија, Полска, Турција, Бугарија, Србија, Албанија, Косово и Северна Македонија.

Д-р Марија Мидовска Петкоска била ангажирана како оперативен менаџер во проектот „Choose Science" – European Research Night and Researchers at Schools, чија цел е промовирање на науката кај граѓаните и учениците. Проектот е реализиран со финансиска поддршка од програмата Marie Skłodowska-Curie.

Од наведеното може да се констатира дека научно-истражувачката работа на кандидатката има континуитет, развојна линија и тематска поврзаност со современите

предизвици во економијата, менаџментот, финанисиите, дигитализацијата и одржливиот развој.

2.3. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Марија Мидовска Петкоска има значајно практично и стручно искуство, кое претставува дополнителна вредност во нејзиниот академски профил. Од 2015 година работи како бизнис консултант, со активности насочени кон оптимизација на деловните процеси и подобрување на перформансите на малите и средни претпријатија. Од јануари 2025 година е ангажирана како ментор/експерт за развој на бизнис-планови во рамките на проектот „Youth Empowerment Enabling Prospects – YEEP" на СОС Детско село. Во оваа улога, кандидатката обезбедува менторска и стручна поддршка на 10 млади лица кои имаат развиено бизнис идеи и интерес за самовработување. Од 2022 година е вештак од областа на економијата, со повеќе од 90 реализирани стручни анализи и вештачења во граѓански и кривични постапки, а од 2026 година вештак од областа на економско, финансиско, материјално, сметководствено работење. Кандидатката поседува и лиценца за овластен сметководител издадена од Институт за сметководители и овластени сметковидтели Скопје издадена во 2022 година. Исто така поседува и сертификат издаден од Министерството за образование и наука за завршена акредитирана програма од Центарот за образование на возрасни за стекнати вештини административни и финансиски вештини зауправување со невладини организации.

Во рамките на својата стручно-апликативна дејност, д-р Марија Мидовска Петкоска била ангажирана како координатор на тим за развој на софтверско решение во Vertex Broadcast Solutions. Во оваа улога, кандидатката учествувала во координацијата на тимските активности поврзани со развојот на ERP систем, наменет за интегрирано управување со деловните процеси во компаниите. Системот опфаќал и сметководствен модул, како и евиденција и следење на останатите клучни процеси во компанијата, со цел нивно интегрирано управување и подобра организација на работењето. Ангажманот претставува значајно практично искуство во координација на развој на дигитално решение и примена на знаењата од областа на менаџментот, економијата, финансиите и сметководството во развој на современи бизнис-системи. Со ова искуство, кандидатката ја поврзува својата академска и стручна експертиза со практичната примена на дигиталните технологии во управувањето со деловните процеси.

Д-р Марија Мидовска Петкоска има значајно искуство во подготовка, координација и имплементација на национални и меѓународни проекти, преку кои своите научни и стручни знаења ги применува во решавање на конкретни општествени, економски, еколошки и образовни предизвици. Како проектен координатор, проектен асистент, истражувач, тренер и експерт, била вклучена во повеќе проекти финансирани од

Европската комисија, Темпус, Фондација Отворено Општество, програмата Цивика монилитас, Централна Европска Иницијатива (ЦЕИ), Австралиската амбасада, Фондот за Западен Палкан и други донатори. Особено се издвојуваат проектите: „Prilep Civic Navigator" (Прилеп граѓански навигатор), каде е проектен координатор во развојот на AI chatbot за полесен пристап на граѓаните до услугите на локалната самоуправа; „Harnessing the AI potential in coping with solid waste pollution in the Western Balkans", насочен кон развој на мобилна апликација за мапирање на нелегален отпад; „Promoting an AI-supported eco-activism in the Western Balkans" (Промовирање на еко-активизам подржан ов вештачка интелигенција во Западен Балкан; „РеБлок – блок направен од рециклирана пластика", каде била експерт за развој на циркуларен бизнис-план и експертска поддршка во развојот на протипот на блокот; „Voices of Pelagonia" – (Гласовите на Пелагонија), насочен кон развој на дигитални вештини кај младите.

Д-р Марија Мидовска Петкоска активно придонесува и во активности од поширок општествен и професионален интерес. Таа е член на Работната комисија за операционализација на Националната развојна стратегија 2024–2044, со што учествува во процеси поврзани со стратешкото планирање и развој на земјата. Воедно, таа е член на Друштвото за наука и уметност – Прилеп, Skills Lab Network of Experts и Global Agritourism Network, преку кои придонесува кон размена на знаења, професионално поврзување и развој на научната и стручната заедница.

Покрај наведеното, д-р Марија Мидовска Петкоска била вклучена и во работни групи за подготовка на елаборати за студиски програми од втор и трет циклус студии на Економски факултет Прилеп.

Оценка од евалуација

Кандидатката д-р Марија Мидовска Петкоска успешно ја помина хабилитационата постапка спроведена од БАС.

3. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и анализата на досегашната наставно-образовна, научно-истражувачка, стручно-апликативна и поширока професионална активност, Комисијата констатира дека д-р Марија Мидовска Петкоска има континуиран професионален развој и релевантни достигнувања во областа на економијата, менаџментот и бизнисот.

Врз основа на предвидените услови за избор во наставно звање предвач на висока стручна школа, кандидатката д-р Марија Мидовска Петкоска ги има исполнето критериумите предвидени според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор и ре-избор во наставни, насловни и соработнички звања Бизнис Академија Смилевски - БАС Скопје.

Врз основа на изнесеното, Комисијата оценува дека д-р Марија Мидовска Петкоска поседува релевантни научни, стручни и наставно-образовни квалитети и дека нејзиниот досегашен развој претставува соодветна основа за избор во предавач во наставна област менаџмент и бизнис.

Согласно наведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставничкиот совет на Бизнис Академија Смилевски – БАС Скопје, д-р Марија Мидовска Петкоска да биде избрана во звањето предвач на висока стручна школа за наставна област менаџмент и бизнис.

Битола, 14.10.2026

Рецентзентска комисија:

проф д-р Неда Петроска – Ангеловска

проф. д-р Горазд Смилевски

проф. д-р Дијана Ивановска Пржо